**Министерство за транспорт и врски**

# ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот:** Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота

**Усогласеност со Програмата на Владата:** Да

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:** Да

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:** На првата наредна седница

**Доверливост на материјалот:** Не

**Итност на материјалот:**

**Прилог:** Предлог на закон

**Дата на доставување на материјалот:**

2010 година

**Министер за транспорт и врски,**

**Миле Јанакиески**

Република Македонија

Министерство за транспорт и врски

Предлог на
Закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота

ПОТПИС: ______________________________

Скопје, 2010 година

**1.Осврт по материјалот:**

Со Законот за јавна чистота се уредуваат условите и начинот на одржувањето на јавната чистота, правата и обврските на учесниците во одржувањето на јавната чистота, површините и објектите на кои с еврши одржување на јавната чистота, собирање на смет и чистење на снег во зимски услови. Со одредбите од законот се утврдува кој го врши и каква е постапката за инспекцискиот надзор.

Меѓутоа, имајќи го во предвид донесувањето на новиот Закон за инспекциски надзор се наложи потреба од измена и дополнување на одделни одредби од законот кои се однесуваат пред се на инспекцискиот надзор, се со цел усогласување со одредбите од Законот за инспекциски надзор.

**2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):**

Со одредбите од Предлогот на законот се регулира прашањето на субјектот кој ќе биде надлежен да одлучува по поднесените жалби на решенијата донесени од страна на општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, односно комуналниот инспектор на градот Скопје, како и по решението донесено од Државниот комунален инспектор, односно за таа цел ќе се формираат Комисии именувани од страна на градоначалникот или пак од страна на министерот за транспорт и врски. Со Предлогот на законот предложени се  измени и дополнувања на оодделни членови заради нивно попрецизно и појасно дефинирање, а кои ќе допринесат за нивна посоодветна и целосна реализација. Исто така со предложените измени и дополнувања се врши доусогласување на одредбите од законот со одредбите од новиот Закон за инспекциски надзор.

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

Предлогот на законот беше доставен на мислење на ден 16.11.2010 година до: Секретаријатот за законодавство, Министерството за правда – Државен управен инспекторат и Влада на Република Македонија – Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања м-р Владимир Пешевски.

**4. Решение кое се препорачува (со образложение):**

Се препорачува Владата да го разгледа и утврди текстот на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота и истит да го достави до Собранието на Република Македонија за разгледување и усвојување.

**5. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**

Нема

**6. Очекувани влијанија:**

Предложените измени и дополнувања на законот ќе допринесат поефикасна примена на законот.

**7. Усогласеност со европското законодавство (кои директиви на ЕУ се транспонираат во нашето законодавство):**

Нема

**8. Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**
ДА

**9. Клучни елементи за информирање на јавноста:**
Текстот на предлогот на законот ќе биде објавен на ВЕБ страната на Министерството за транспорот и врски.

# ФОРМУЛАР ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИ ИМПЛИКАЦИИ

| | |
|---|---|
| 1. Назив на предлогот:<br><br>Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота | 2. Министерство/Орган на државната управа:<br><br>Министерство за транспорт и врски |
| 3. Цел на предлогот:<br>Усвојување на законот | 4. Вид на предлогот:<br>Закон |
| 5. Контакт лице и звање:<br>Лилјана Поповиќ, Раководител на сектор | 6. Контакт телефон/факс или е-пошта:3145-410 |
| 7. Активност: | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. Вид на барање: | ( ) | Регулатива во врска со ЕУ | ( ) | Нова програма | ( ) | Прераспределба (на средства) помеѓу две програми |
| | ( ) | Друга нова регулатива | ( ) | Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) | Спојување на две или повеќе програми |

9. Цел на барањето/предложена активност:

10. Врска со Владината програма:

| 11. Фискални импликации | (Во МКД) 2007 | 2008 | 2008 | 2010 |
|---|---|---|---|---|
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Г. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Ѓ. Нето импликации на средствата на органот: (В-Г)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Е. Зголемување/намалување на приходите | | | | |
| Ж. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор:_________________________ | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. Нето зголемување/намалување на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 13. Какви гаранции заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11А до 11Е) | | | | |

| | |
|---|---|
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение: | |
| 15. Дата на завршување на проценката: | |
| 16. Дата на поднесувањето на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | |
| 18. Измени побрани од Министерството за финансии: | |
| 19. Одговор на Министерството – Предлагач: | |
| 20. Одговор од Министерството за финансии: | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | |

22. Одобрено/Дата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| ------------------------------------ | Датум: ден/месец/година | ------------------------------------ | Датум: ден/месец/година |
| Потпис на државен секретар/ Директор на државен орган | .2010 | Потпис на Министер | .2010 |

# В О В Е Д

## I ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Условите и начинот на одржување на јавната чистота, правата и обврските на учесниците во одржувањето на јавната чистота, површините и објектите на кои врши одржување на јавната чистота, собирање на смет и чистење на снег и мраз во зимски услови регулирани се со Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/08,64/09, 88/10 и 114/10).

Меѓутоа, како резултат на донесувањето на нов Закон за инспекциски надзор се наложи потребата од усогласување на Законот за јавна чистота и то а во делот кој се однесува на инспекцискиот надзор, односно постапката за вршење на инспекциски надзор утврдена со Законот за инспекциски надзор.

## II ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на изменувањата и дополнувањата на законот е негово усогласување со Законот за инспекциски надзор, со кој има тенденција да се воведе воедначен систем на одлучување по жалба на решение донесено од страна на општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, односно комуналниот инспектор на градот Скопје, како и по решението донесено од Државниот комунален инспектор.

Со измените и дополнувањата извршени во одделни членови одредени прашања кои се регулираат со законот попрецизно се дефинираат што ќе допринесе за нивна полесна и целосна реализација.

Со предложените измени и дополнувања се врши целосно усогласување на одредбите кои се однесуваат на инспекцискиот надзор од законот со одредбите од Законот за инспекциски надзор.

Во таа смисла со членот 1 од предлогот на законот со кој се менува и дополнува членот 27 од Законот за јавна чистота точно е определено кој одлучува по решение донесено од страна на општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, односно комуналниот инспектор на градот Скопје, како и по решението донесено од Државниот комунален инспектор.

## III ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Одедбите од предлогот на Законот не имплицираат финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на Законот не е потребно обезбедување на посебни финансиски средства, ниту предложените измени и дополнувања од Законот повлекуваат материјални обврски за одделни субјект.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА
## ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА

Член 1

Во Законот за јавна чистота ("Службен весник на Република Македонија" бр.111/08,64/09, 88/10 и 114/10) во член 27 став 1 по зборовите „комуналниот инспектор на градот Скопје“ се додаваат зборовите „и Државниот комунален инспектор“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Против решението на општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, односно комуналниот инспектор на градот Скопје може да се поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисија составена од три члена именувани од страна на градоначалникот на општините, градоначалникот на општините во градот Скопје, односно градоначалникот на градот Скопје.“

По ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Против решението на Државниот комунален инспектор може да се поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисија составена од три члена именувани од страна на министерот за транспорт и врски.“

Ставот 3 станува став 4.

Член 2

Во член 28 бројот „2“ се заменува со бројот „1“, а по зборовите „комуналниот инспектор на градот Скопје“ се додаваат зборовите „и Државниот комунален инспектор“.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје односно комуналниот инспектор на градот Скопје и Државниот комунален инспектор постапката при вршење на инспекциски надзор ја водат согласно одредбите од овој закон и Законот за инспекциски надзор.“

Член 3

Во член 38 став 5 по зборовите „половина од“ се додаваат зборовите „долната граница од износот на“.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија’’.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

## I ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Предложените измени и дополнувања на одделни одредби од законот имаат за цел појасно и попрецизно дефинирање на одредени прашања кои се регулираат со овој закон со што ќе се овозможи нивна доследна примена. Во таа смисла со членот 1 од предлогот се врши измена на членот 27 од Законот за јавна чистота, со кој се утврдува субјектот кој ќе одлучува по поднесените жалби на решенијата донесени од страна на инспекторите, при вршењето на инспекцискиот надзор, односно Комисии кои се составени од три членови именувани од страна на градоначалникот, ако се работи за решенија донесени од страна на општински инспектори, односно именувани од страна на министерот за транспорт и врски, доколку се работи за решенија донесени од Државен комунален инспектор.

Со предложените измени и дополнувања пропишана е нова одредба со која е предвидено општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје односно комуналниот инспектор на градот Скопје и Државниот комунален инспектор постапката при вршење на инспекциски надзор да ја водат согласно одредбите од овој закон и Законот за инспекциски надзор. Ваквото решение предложено со измените од Предлогот на законот има за цел да се усогласи овој закон со новиот Закон за инспекциски надзор во целост.

## II МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија практично претставуваат изменување, дополнување и доразработка на постојните одредби од Законот со цел да се овозможи нивна целосна примена.

## III ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се изврши усогласување со новиот Закон за инспекциски надзор, при што ќе се формираат нови Комисии составени од три членови кои доколку одлучуваат по поднесени жалби на решенија донесени од страна на општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, односно комуналниот инспектор на градот Скопје, се именуваат од градоначалникот на општините, градоначалникот на општините во градот Скопје, односно градоначалникот на градот Скопје, а по поднесени жалби на решенија донесени од страна на Државните инспектори, членовите на Комисиите се именуваат од надлежниот министер.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

**Член 27**

При вршењето на инспекцискиот надзор општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје односно комуналниот инспектор на градот Скопје за утврдените неправилности составува записник и донесува решение со определување на рок за отстранување на неправилностите.

Против решението на општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје односно комуналниот инспектор на градот Скопје може да се поднесе жалба до министерот надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи во рок од осум дена од денот на доставување на решението.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

**Член 28**

Ако во рокот определен во членот 27 став 2 од овој закон лицето не постапи по решението на општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје односно комуналниот инспектор на градот Скопје отстранувањето на сметот, односно чистењето на снегот ќе го изврши давателот на услугата на сметка на лицето наведено во решението.

**Член 38**

Кога општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје и униформираниот полициски службеник ќе утврдат дека е сторен прекршок од членовите 29, 29-а, 32, 34 и 35 на овој закон ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд, а кога ќе утврдат дека е сторен прекршок од членовите 30 и 37 на овој закон ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред Комисијата за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

За прекршоците од ставот 1 на овој член, пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, односно пред Комисијата за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски, општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје и униформираниот полициски службеник ќе спроведат постапка на порамнување.

Кога општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје и униформираниот полициски службеник ќе констатираат прекршок од ставот 1 на овој член составуваат записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место. Записникот го потпишува овластеното службено лице и сторителот. Ако сторителот го признае прекршокот службеното лице ќе му издаде платен налог заради наплата на глобата за прекршокот.

Со потписот на платниот налог се смета дека сторителот на прекршокот се согласува да ја плати изречената глоба.

Сторителот на прекршокот од став 1 на овој член е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на платниот налог на сметка на Буџетот на Република Македонија означена во платниот налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот утврден во овој став ќе плати само половина од изречената глоба.

Доколку сторителот на прекршокот одбие да се потпише на платниот налог општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје и униформираниот полициски службеник ќе евидентираат дека лицето одбило да се потпише и истите ќе се потпишат со полно име и презиме на платниот налог.

Ако сторителот на прекршокот од став 1 на овој член  не ја плати глобата во рокот утврден во платниот налог инспекторите, односно униформираниот полициски службеник ќе поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд односно пред Комисијата за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

Општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, комуналниот инспектор на градот Скопје и униформираниот полициски службеник се должни да водат евиденција за прекршочните постапки за порамнување.